Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 – 463/2
15.11. 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 17.10.2023 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 25-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година- трет квартал.
3. Предлог- Измени и дополнувања на Буџетот на општина Градско за 2023 година- втор ребаланс.
4. Предлог- Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Градско.
5. Предлог- Правилник за организирање и одржување на форумите на заедниците во ЕЛС.
6. Предлог- Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат сипендија за учебната 2023/2024 година.
7. Предлог- Одлука за давање Согласност на Годишниот извештај за работа на ООУ,,Даме Груев,, Градско за учебната 2022/2023 година.
8. Разгледувања на барања и поднесоци
9. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше и градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да се дополни со 3(три) точки и тоа:

1.Предлог- Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година на ЈКП „Клепа“ Градско- трет квартал;

2.Предлог- Одлука за отстапување на проектна документација и

3.Предлог- Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 26-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 25-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 25-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 25-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 25-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Квартален финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година- трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смлкова од општинската администрација, реализацијата на приходите е во рамки на 65%, дел е подобрено. Капиталните расходи се 50%. Се е во рамки на одобрените буџетски ставки.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година- трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за извршување на буџетот на општина Градско за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година- трет квартал.

*3.Измени и дополнувања на Буџетот на општина Градско за 2023 година- втор ребаланс.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Има измена во доставениот материјал во делот на школото, сите измени се во N1 програмата. Потребата за измена се јави по добиените насоки од МОН, сумата за ДДВ се крати за 1.132.292,00 денари, а во делот на блок дотациите за школото има зголемување за 2.350.000,00 денари од причина што имаат потпишано колективен договор за зголемување на платите од 15% и за исплата на регрес. Проширување има и за организирање на екскурзии. Зголемување има во програмата А0 конто 463- трансфери до НВО и спортски клубови. Во програмата Е0 конто 424 за поправки и одржувања, конто 425 за други договорни услуги кое се однесува на Павловден имавме потреба од изнајмување на бина, конто 426 за други оперативни расходи за сместување на гости за Павловден и за обуки и огласи, се плаќа за огласи за јавните набавки а имаме над 30. Во програмата ЕА конто 485 за компјутерски софтвер за изработка на буџет. Поголемо зголемување има кај новопредвидената програма LA за изградба на детско игралиште во населба Стопанство во висина од 2.231.368,00 денари. Се крати кај платите, за електрична енергија, за пошта, телефон, кај времените вработувања, за експропријација, за јавно осветлување. Се кратат и средствата за водоснабдување поради тоа имавме постапка но не се реализираше поништена е и истите се пренаменуваат во програмата LA.

Јованче Стојанов- мултифункционалниот објект каде се планира да се гради и што ќе содржи.

Елена Смилкова- се планира да се гради на местото на сензорната градина позади градинката и треба веднаш да се реализира за да не им ги повлечат средствата на школото доколку не ги искористат. Ќе биде направен со материјал како магацинот. Ќе има сала за фитнес, тоалети, пинг-понг. Треба побрзо да се реализира. Ако сте согласни ќе им го отстапиме проектот за да си распишат постапка.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2023 година- втор ребаланс.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ги усвои Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Градско за 2023 година- втор ребаланс.

*4.Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- оваа одлука е за дополнување на Статутот на општината, а е во врска со обуките кои ги посетуваме за Зајакнување на општинските совети и организирањето на форуми.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Градско.

*5.Правилник за организирање и одржување на форумите на заедниците во ЕЛС.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Мирјана Ѓорѓиева- ова е поврзано со предходната точка односно на кој начин да се организираат форумите на кој граѓаните ќе можат да учествуваат со предлагање на приоритети.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Правилникот за организирање и одржување на форумите на заедниците во ЕЛС.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Правилникот за организирање и одржување на форумите на заедниците во ЕЛС.

*6.Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат сипендија за учебната 2023/2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Боне Спасовски- дали се избрани тие што заслужуваат.

Киро Нацков- да, има комисија.

Слободан Бошков- да, но за следна година сметам дека треба да има измени во правилникот и да не се прифаќаат пофалници кои се надвор од образование, тие пофалници кои нема да бидат поврзани со образовниот процес ќе бидат отфрлени. Исто и во врска со просекот на студентите да не биде под 8.00, а не со секаков просек да се примаат. Да се потенцира дека со просек под 8.00 нема да бидат прифатени. Оваа година беше под просек, но беше единствен кандидат. Ако има под тој просек не станува збор за талентиран студент.

Киро Нацков- се согласувам за пофалниците, а кај студентите имаме проблем, ако прима државна стипендија не смее да прима и друга. Државната е 6.000,00 денари, а нашата е 4.000,00 денари и поради тоа не аплицираат.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат сипендија за учебната 2023/2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат сипендија за учебната 2023/2024 година.

*7.Одлука за давање Согласност на Годишниот извештај за работа на ООУ,,Даме Груев,, Градско за учебната 2022/2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Сеат Сулковиќ- и честитам на директорката за постигнатите успеси и да продолжи активно да работи како до сега.

Каролина Кирова- Ви балгодарам но сама неможам ништо да постигнам.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање Согласност на Годишниот извештај за работа на ООУ,,Даме Груев,, Градско за учебната 2022/2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање Согласност на Годишниот извештај за работа на ООУ,,Даме Груев,, Градско за учебната 2022/2023 година.

*8.Квартален финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година на ЈКП „Клепа“ Градско- трет квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Минова-сметководител на ЈКП Клепа која истакна дека има зголемување на приходите, ЈКП има добивка од 1.812.000,00 денари. Побарувањата се приближно колку ланската година.

Јованче Стојанова- дали може да се каже дека ЈКП е во добра состојба.

Катерина Минова- проблеми секако дека има но момнталната состојба е дека се подмируваат обврските, даноците се платени, се врши редовна наплата на побарувањата. Наредната година трошоците ќе се зголемат и треба да се размислува за корекција на цените. Проблем е трошокот за струја за другото ЈКП кое што не е функционално.

Јованче Стојанов- нема да се троши толку вода во овој период.

Катерина Минова- да, има разлика во летниот период и сега.

Маја Андовска- во 2023 година да се направат напори за наплата на долговите, во спротивно на совет ќе мора да се отпишат старите долгови.

Катерина Минова- тоа е единствен начин ЈКП да не биде оптоварено со персонален данок. Треба да се запази за долг да се пуштаат опомени па тужба. Кон правните лица го прават тоа а кон физичките незнам. Меѓутоа кога се работи за вода не можиш да ги исклучиш.

Боне Спасовски- да, но мора да се најде решение, кога гледаш дека некој има долг од 30-40.000, денари па и повеќе тогаш и дригите нема да плаќаат.

Јованче Стојанов- треба да се внимава до 3 години и да се праќаат опомени, тужби. Има долгови 6-7 години тие неможиш да ги наплатиш, значи треба навремено оптужување.

Катерина Минова- се согласувам треба да се грижат повеќе за наплатата.

Боне Спасовски- кога нема вода најмногу се бунат тие што не плаќаат.

Катерина Минова- најголем проблем во ЈКП се основните стредства, гласат на општината и кога ќе дојде да се прави бизнис планот нема што да прикажиме.

Киро Нацков- главен проблем е регулаторна, пумпите се водат на ЈКП Комуналец. Постапката за префрлање на ЈКП Клепа е во тек, кога ќе се префрлат ќе има реална состојба. Цената на водата што стагнира е токму поради тоа, регулаторна нема реална слика. Но се плашам дека решавајќи еден проблем ќе се соочиме со друг, односно цената на водата ќе биде повисока.

Боне Спасовски- нели може ако не сте ги подмириле трошоците за вода да неможе да се добие документ за погреб или сл.

Киро Нацков- треба да се формира друго ЈКП за погребално.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година на ЈКП „Клепа“ Градско- трет квартал.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година на ЈКП „Клепа“ Градско- трет квартал.

*9.Одлука за отстапување на проектна документација.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Киро Нацков- станува збор за проект за изградба на мултифункционален објект кој е во наша сопственост. Идеата е до 18.00 часот да го користат децата од школото, а после тоа секој кој што сака да го користи за симболична сума. ООУ има средства, МОН обезбеди средства за покачување на платите и за регрес. Има вишок на средства кои треба да се искористат во декември месец додека работи трезорот за да не се дојде до ситуација да им ги повлечат неискористените средства. Поради тоа ние ќе им го отстапиме проектот и школото си ја тера постапката за да можат да ги искористат средствата. Објектот се планира да се гради до спорската сала позади градинката.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за отстапување на проектна документација.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за отстапување на проектна документација.

*10.Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Киро Нацков- ова е во врска со Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици. За да започне постапката треба една од општините од Вардарскиот плански регион да предложи воспоставување ма межуопштинска соработка. Поради тоа што Росоман имаа први седница на Совет предлогот е од нивна страна. Центарот ќе биде во Кавадарци.

Јованче Стојанов- ние ќе треба само да плаќаме.

Киро Нацков- сите општини ќе плаќаат сума според бројот на жители.

Боне Спасовски- дали во тој центар ќе има вработени од сите општини.

Киро Нацков- не, вработените ќе бидат само од Кавадарци, а од другите општини ќе има членови во Управен и Надзорен одбор.

Јованче- сумата е фикска на годишно ниво или ќе има измени.

Киро Нацков- годишната сума е точно определена, а плус ќе се плаќа од заловено куче. Имавме распишано јавна набавка, постапката е многу скапа.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините Росоман, Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово.

*11.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Поднесок, писмо на намери за донација на урбанистички проекти од страна на фирмата Дијабаз Карамата од Скопје и тоа за: УП вон опфат на урбанистички план четири крака крстосница на влезно-излезните рампи од регионалниот пат Р1102 КО Згрополци и УП вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1- производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија на дел од КП бр.55/1 КО Згрополци. Донацијата е во вредност од 2.226.300,00 денари.

Киро Нацков- пред извесно време беа преставници од оваа фирма, го разгледувале земјиштето од ХИВ до ридот тоа е 3 и 4 зона, не е обработливо земјиште. Намената на фабриката би била цементара. Измената на планот е долготрајна и невозможна, понудија тие да ја платат изработката на проектот. Доколку се прифати ова би се испратило до МЗШВ за раскинување на договорот со тој што го има земено земјиштето под концесија, кратко земјиштето е со намена Г1 за цементара, истото е на РМ, а раководи МЗШВ.

Боне Спасовски- штом даваат толку пари сигурно е договорено.

Киро Нацков- не верувам дека е договорено, треба во МТВ барање за влез и излез, со МЗШВ за раскинување на договорот со концесионерот и после е повторно кај нас.

Даниел Мирчов- и био гасните централи на Вардар не требаше да бидат какде што се сега ама функционираат и смрди.

Јованче Стојанов- не смрди од биогасните централи туку од ѓубрето што го фрлаат по блоковите.

По разгледување на поднесокот советниците едногласно со 9 гласа ЗА ја прифатија донацијата од страна на фирмата Дијабаз Карамата од Скопје за изработка на урбанистички проекти.

б) Барање од КУД Стоби Градско за одобрување на финансиски средства во висина од 120.000,00 денари за учество на Македонски културно фолклорен фестивал „Каршијака-Чашка-Тургутлу 2023“ во Република Турција.

Маја Андовска- дали овие средства се плус од тие што се предвидени на годишно ниво.

Киро Нацков- да.

Маја Андовска- според мене сметам дека не треба да се одобрат поради тоа што имаме поприоритетни работи.

По разгледување на барањата советниците со 8 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН го усвоија барањето од КУД „Стоби“ Градско.

*12.Разно*

Боне Спасовски- во Виничани на сред село тријаголникот ако може да се нареди со бекатон плочки, околу 30м2.

Кај Софро кај продавницата водата почнува да излегува, иде зима ќе замрзнува ќе падне некој.

Плоштадот во Градско ќе се реновира, што се планира дали може на место на споменикот на Златко Владов да се направи негова биста.

Киро Нацков- за тријаголникот и за водата не е проблем, а за бистата да се види колку би чинело сето тоа, идеата е добра.

Сеат Сулковиќ- како предлог кога ќе се прави плоштадот да се постави ГРАДСКО осветлено како реклама како и по други места.

Маја Андовска- нема комунален редар , се жалат луѓе на улицата кај Чутрови не може да се помине, кој ќе го регулира тоа и во Долно Градско ако може да и се рече на Далиборка да си го загради дворот, луѓето реагираат има едно лице кое излегува на улица. Една од жените што ги чуваат ја избркале а не е виновна.

Киро Нацков- во врска со згрижувачките домови немам никакви ингеренции, но ќе и пренесам.

Боне Спасовски- кога ќе се пушти регионалниот пат дали можа да се обележи пешачки премин кај школото, да се намали брзината кај автобуската станица. Дали е законски, во Облешево и на други места има.

Киро Нацков- со надзорот разговаравме на таа тема и за пешачки и за паркинзите. Имавме проблем и во Виничани со премините, доставивме допис до ЈПДП, до примопредавањето не можиме ништо да направиме, треба де се види согласно закон. Истиот проблем го имаме и кај ромите кои што живеат под Винаријата затворен им е влезот. Но луѓето си работат по проект, а реалната ситуација на терен не е таква.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 26-та седница во 16:45 часот.

Записник водел:
Мери седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева